ОСНОВЕН СУД КРАТОВО
СПИ.бр.2/24
22.01.2024 година
К р а т о в о

До
[redacted]

**ПРЕДМЕТ:** Доставување на одговор по Барање информации согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер

**ВРСКА:** Ваше барање од 15.01.2024 год.

Почитувани,

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр. 101/2019) во прилог Ви се доставува Решение СПИ.бр.2/24 од 22.01.2024 година по бараната информација.

Со почит,

Диме Петрушевски, службено лице

ОСНОВЕН СУД
Република Северна Македонија
Кратово

ОСНОВЕН СУД КРАТОВО
СПИ.бр.2/24
22.01.2024 година
К р а т о в о

Врз основа на чл.20 ст.1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл.весник на РСМ бр.101/2019) постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер од барателот [redacted] поднесено електронски на ден 15.01.2024 год., имателот на информацијата Основен суд Кратово, на ден 22.01.2024 година го донесе следното

Р Е Ш Е Н И Е

Барањето од барателот [redacted] за пристап до информации од јавен карактер, СЕ УВАЖУВА целосно.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Врз основа на Барањето за пристап до информации од јавен карактер доставено од барателот [redacted] со кое бара информации во врска со правосилно завршени постапки за расправање на оставина, имателот на информацијата Основен суд Кратово, ви ги доставува следните информации:

1. Број на правосилно завршени постапки за расправање на оставина:

- во 2021 година – 83 предмети
- во 2022 година – 94 предмети
- во 2023 година - 58 предмети

2. Број на дадени изјави за откажување од наследство (негативна наследничка изјава)

- во 2021 година - 20 изјави, 15 наследници од женски пол и 5 од машки пол
- во 2022 година - 18 изјави, 16 наследници од женски и 2 од машки пол
- во 2023 година - 11 изјави, 10 наследници од женски и 1 од машки пол

3. Број на дадени изјави за отстапување на својот наследен дел во корист на определен наследник:

- во 2021 година - 2 изјави, сите наследници се од женски пол
- во 2022 година - 4 изјави, 3 наследници од женски и 1 од машки пол
- во 2023 година - 2 изјави, 1 наследник од женски и 1 од машки пол

ПРАВНА ПОУКА: Против ова решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап на информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на решението.

Решено во Основен суд Кратово на 22.01.2024 година, под СПИ бр.2/24

По овластување на Претседателот на судот,
Сужбено лице за посредување
со информации од јавен карактер,
Диме Петрушевски, Судски советник

ОСНОВЕН СУД КРАТОВО
Република Северна Македонија
Кратово